Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 146 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број: 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), постапувајќи по Барањето за измена на одобрение за користење на радиофреквенции, поднесено од Друштвото за комуникациски услуги оне.Вип ДОО Скопје, под УП1. бр. 0802-858 од 26.05.2017 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 09.10.2017 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОДБИВА како неосновано Барањето за измена на одобрение за користење на радиофреквенции, поднесено од Друштвото за комуникациски услуги оне.Вип ДОО Скопје, под УП1. бр. 0802-858 од 26.05.2017 година.

II

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за комуникациски услуги оне.Вип ДОО Скопје, повикувајќи се на членот 146 став (5) од Законот за електронските комуникации, на ден 26.05.2017 година под УП1. бр. 0802-858 до Агенцијата за електронски комуникации достави барање за измена на Одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба бр. 108267/2. Во истото побарува Агенцијата за електронски комуникации, а заради обезбедување на ефикасна употреба на доделените радиофреквенции, да донесе решение со кое ќе се овозможи радиофреквенцискиот опсег 1770-1785/1865-1880 MHz доделен со Одобрението за користење на радиофреквенции број 108267/2, да се замени со радиофреквенциските опсези 1710-1720/1805-1815 MHz и 1770-1775/1865-1870 MHz.
Со оглед на фактот дека се работи за значителна измена на одобрението за користење на радиофреквенции, Агенцијата за електронски комуникации, постапувајќи во согласност со членот 146 став (4) од Законот за електронските комуникации, предложената измена на одобрението за користење на радиофреквенции, на 06.07.2017 година ја објави на својата веб страна, со цел да овозможи јавна расправа со сите заинтересирани страни.

Во постапката на одлучување по барањето за измена на одобрениео за користење на радиофреквенции поднесено од оне.Вип ДОО Скопје, Агенцијата за електронски комуникации оцени дека предложената измена на одобрението за користење на радиофреквении е во спротивност со членот 132 став (3) од Законот за електронските комуникации со кој е одредено дека Агенцијата издава одобрение за користење на радиофреквенции по барање за користење на радиофреквенции, по спроведена постапка на јавен тендер или по спроведена постапка на јавен тендер со јавно наддавање.

Со оглед на фактот што во конкретниот случај станува збор за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1710-1720/1805-1815 MHz кој е слободен и со кој располага Агенцијата за електронски комуникации, истиот може да биде доделен само преку постапките утврдени во погоре наведениот член 132 став (3)

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 02 32 89 200
факс 02 32 24 611

од Законот за електронските комуникации, а никако преку измена на одобрение за користење на радиофреквенции, како што побарува Друштвото за комуникациски услуги оне.Вип ДОО Скопје.

Поради сето ова погоре наведено, врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изработил: Лилјана Денковска
Раководител на сектор: Јане Јакимовски
Советник: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР
Сашо Димитријоски

Наш број: УП1-БР0802-858
Скопје, 09.10.2017